# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 став 2, а во врска со член 69 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006), член 68 став 1 точка 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2007, 90/2009 и 67/2010) и точка 46 став 4 од Одлуката за управување со ликвидносниот ризик на банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 163/2008, 66/2009, 144/2009 и 157/2009), гувернерот на Народната банка на Република Македонија

О Б Ј А В У В А
(„Службен весник на Република Македонија" бр. 73/2010)

дека за периодот од 01.07.2010 година до 31.12.2010 година, банката е должна да ја почитува следнава месечна динамика на усогласување на стапките на ликвидност:

- 1/24 од разликата утврдена на 28.02.2009 година помеѓу минималното ниво и почетниот износ на стапката на ликвидност до 30 дена;
- 1/60 од разликата утврдена на 28.02.2009 година помеѓу минималното ниво и почетниот износ на стапката на ликвидност до 180 дена.

Бр. 3701
31.05.2010 година
Скопје

Гувернер
на Народната банка
на Република Македонија
м-р Петар Гошев